# Брифинг

minority rights group international

SONCE
Roma Democratic Development Association

# Ромите во Република Македонија: Предизвици и нееднаквости во домувањето, образованието и здравствената заштита

Андреа Спиталски





**Девојче во ромска населба, Република Македонија.**
Андреа Спиталски, април 2018 година.

**Признанија**
Проект: Од акција до еднакви права за Ромите.
IPA/2015/382006. Проектот е финансиран од Европската Унија.

Оваа публикација е изработена со помош на Европската Унија. Содржината на оваа публикација е одговорност исклучиво на Асоцијацијата за демократски развој на Ромите „СОНЦЕ“ и Меѓународната група за малцински права и во ниеден случај не ги одразува ставовите на Европската Унија.

**Асоцијација за демократски развој на Ромите СОНЦЕ**
Асоцијацијата за демократски развој на Ромите СОНЦЕ е невладина организација која работи на локално, национално и меѓународно ниво на унапредување на граѓанската интеграција, демократските права и еднаквите можности за Ромите во Република Македонија. Основана во 1996 година како неформална група за самопомош на ромската заедница во општина Тетово и официјално регистрирана во 1999 година како непрофитна организација, СОНЦЕ има спроведено повеќе од 50 проекти во изминатите две децении во низа области вклучувајќи образование, здравствена и социјална заштита, вработување и демократско учество на Ромите.

СОНЦЕ тесно соработува со другите граѓански организации, јавни институции и меѓународни групи со цел да донесе позитивни промени за ромската заедница. Членка е на следниве национални и меѓународни организации и тела: Мрежата за застапување на правата на Ромите, Националното координативно тело за следење на спроведувањето на стратегијата за Ромите 2014 -2020 година, Федералната унија на европските националности (ФУЕН) и Обединети против расизмот.

**Меѓународна група за малцински права**
Меѓународната група за малцински права (МРГ) е невладина организација (НВО) која работи на обезбедување на правата на етничките, верските и јазичните малцинства и домородните луѓе ширум светот, како и промоција на соработката и разбирањето помеѓу заедниците. Нашите активности се фокусирани на меѓународното застапување, обука, објавување и досегнување. Се водиме од потребите изразени од страна на нашата светска мрежа на партнерски организации, кои ги претставуваат малцинските и домородните народи.

МРГ работи со преку 150 организации во повеќе од 50 земји. Нашиот управен Совет, кој се состанува двапати годишно, има членови од 10 различни земји. МРГ има консултативен статус со Економскиот и социјалниот совет на Обединетите нации (ECOSOC), како и статус на набљудувач во Африканската комисија за човекови права и правата на народите (АКЧППН). МРГ е регистрирана како хуманитарна организација и друштво со ограничена одговорност со гаранција според англискиот закон: регистрирана хуманитарна организација бр. 282305, друштво со ограничена одговорност бр. 1544957.

© Меѓународна група за малцински права 2018
сите права задржани

Материјалите од оваа публикација можат да се умножуваат за настава или други некомерцијални потреби. Ниту еден дел од овие материјали не смее да се умножи на било каков начин без претходна изречна дозвола од носителите на авторските права. За дополнителни информации ве молиме контактирајте со МРГ. Запис од ЦИП каталогот за оваа публикација е достапен во Британската библиотека.
**ISBN** 978-1-912938-05-6. **Објавено во** ноември 2018 година.
**Превод на македонски јазик:** КОНСОНАНТ НД ДООЕЛ – Гостивар

**Ромите во Република Македонија: Предизвици и нееднаквости во домувањето, образованието и здравствената заштита** е објавена од страна на МРГ како придонес кон јавното разбирање на прашањето кое ја сочинува темата. Текстот и гледиштата на авторот не секогаш го претставува, во сите детали и сите свои аспекти, колективното гледиште на МРГ.

# Ромите во Република Македонија: Предизвици и нееднаквости во домувањето, образованието и здравствената заштита

## Вовед

Ромската популација во Република Македонија (во понатамошниот текст на извештајот „Македонија“) сè уште е најранливото малцинство во земјата, заедница што се соочува со институционална дискриминација и социјални предрасуди. Овој извештај дава клучен увид во секојдневниот живот на македонските Роми. Истиот се базира врз лични сведоштва, собрани од страна на медијаторите од ромска националност кои работат со нивните заедници, овозможувајќи им на самите Роми да ги опишат нивните директни искуства со бариерите со кои се соочуваат.

Според пописот од 2002 година, 53.879 луѓе (2.7 проценти) се идентификувале како Роми, иако вистинскиот број веројатно е значително поголем: на пример, Советот на Европа проценува дека во земјава има помеѓу 134.000 и 260.000 Роми.[1] И покрај официјалното признавање, Ромите експлицитно се споменуваат како етничка заедница во Преамбулата на Уставот на Македонија, изменет со Охридскиот рамковен договор во 2001 година,[2] Ромите сè уште остануваат исклучени од општеството и се соочуваат со дискриминација во скоро секој аспект од нивниот живот.

Овој процес започнува рано, со тоа што многу деца Роми се одделени во посебни паралелки, па дури и во посебни училишта, каде што наставната програма често е со послаб квалитет, а учениците обично постигнуваат пониски училишни резултати. Од разни причини, стапката на напуштање на училиштата е поголема кај Ромите во споредба со вкупното население, а поради ова, во комбинација со дискриминацијата на пазарот на трудот, мнозинството од Ромите не можат формално да се вработат. Како резултат на тоа, многу Роми живеат во супстандардни услови, често се борат со пренатрупаност и без пристап до санитарни услови, безбедна вода за пиење, електрична енергија, улично осветлување или јавен превоз.

За време на нејзиното учество во Декада за вклучување на Ромите 2005-2015, Владата ја усвои својата прва Стратегија за Ромите,[3] чија цел е подобрување на квалитетот на животот на Ромите, намалување на нееднаквостите, проширување на пристапот до услугите и промовирање на интеграцијата. Десет години подоцна, во согласност со Рамката на Европската унија за национални стратегии за интеграција на Ромите и подготовката за претстојниот период по декадата, Владата усвои нова Стратегија која се фокусира на пет приоритетни области: образование, здравствена заштита, вработување, домување и култура.[4] Во моментов, и покрај определен напредок во областите како што е запишувањето во училиштата, спроведувањето на стратегијата е на ниско ниво.[5]

Овој извештај, базиран врз екстензивна работа на терен и истражувања во канцеларија, се фокусира на три клучни области во кои Ромите и понатаму се соочуваат со голема дискриминација: образованието, домувањето и здравствената заштита. Неговата цел е да служи како моќна алатка за застапување на локално, национално и меѓународно ниво, опфаќајќи ги информациите собрани од медијаторите од терен, за поддршка на граѓанските организации и активистите за човекови права во нивната работа. Исто така, обезбедува информации за националните и меѓународните носители на одлуки за состојбата на Ромите. Што е најважно, се надеваме дека оваа публикација ќе ја зајакне самата ромска заедница во нејзината борба за социјална правда и еднаквост.

## Методологија

Овој извештај е производ на соработката помеѓу Меѓународната група за малцински права (МРГ) и Асоцијацијата за демократски развој на Ромите (АДРР) „Сонце“, како дел од заедничкиот тригодишен проект „Од акција до еднакви права за Ромите“ (2017-2020), финансиран од ЕУ. Целта на проектот е борбата против дискриминацијата со која се соочуваат Ромите во Македонија, преку стратешко застапување, застапување и градење капацитети. Како дел од овие активности, во мај 2017г. МРГ и АДРР „Сонце“ обучија 31 Роми медијатори во области како човекови и малцински права, дискриминација, застапување и теренска работа во заедницата . Оттогаш, 12 од овие Роми медијатори редовно работат на проектот, ги посетуваат шесте целни општини (Тетово, Дебар, Кичево, Штип, Виница и Берово) секоја недела и се среќаваат со припадници на ромската заедница, мапираат повреди на човековите права и идентификуваат случаи на дискриминација за стратешко застапување. Нивните наоди, врз основа на теренски посети помеѓу јуни 2017 и јануари 2018, беа искористени како основа за овој извештај.

Освен извештаите на медијаторите, МРГ и АДРР „Сонце“ спроведоа анализа на релевантните статистички податоци и националното законодавство, а, исто така, разговараа со припадниците на ромските заедници во четири целни општини за време на посетата на терен спроведена во април 2018 година. Партнерите, исто така, се осврнаа на Акциониот план за застапување на Мрежата за застапување на Ромите,[6] што се фокусира на сите три области опфатени со овој извештај.

## Дискриминација: коренот на кршењето на човековите права

Еднаквоста пред законот е загарантирана со Уставот на Македонија[7] и беше дополнително зајакната со Охридскиот рамковен договор усвоен во 2001 година, со кој се гарантира принципот на соодветна и еднаква застапеност на заедниците.[8] Во 2010 година беше донесен Законот за спречување и заштита од дискриминација,[9] кој ги дефинира различните видови дискриминација и беше формирана Комисија за заштита од дискриминација.[10] Комисијата има различни надлежности во областа на антидискриминацијата, постапувајќи по претставки и давајќи мислење и препораки во случаи на дискриминација.[11] Освен тоа, Народниот правобранител игра важна улога во заштитата на начелото на недискриминација.[12] На пример, во 2017 година, од 3.223 подносители кои се обратија до Народниот правобранител, 1.871 граѓани ја истакнаа својата етничка припадност, од кои 117 беа од ромско потекло.[13] Поплаките поднесени од страна на Ромите подносители главно се однесуваа на здравствената заштита, социјалната помош, финансиите, правата на потрошувачите, судството, детските права и урбаниот развој.[14]

И покрај веќе постојната законска и институционална заштита, дискриминацијата останува секојдневна реалност за Ромите. Од многу рана возраст тие се соочуваат со предрасуди и отфрлање од главните текови во општеството. Всушност, многу Роми се борат да обезбедат целосно уживање на нивните економски и социјални права, вклучувајќи го и правото на образование, вработување, соодветно домување и здравствена заштита. Ромите кои немаат лична документација се наоѓаат на маргините на општеството, под ризик од тоа да бидат без државјанство, со уште поограничен пристап до основните услуги. Поради нецелосни статистички податоци, тешко е да се процени бројот на Роми без државјанство. Според проценките на Македонското здружение на млади правници, 664 лица се изложени на ризик од без државјанство, при што околу 70 проценти од нив се Роми.

Ромите повратници се, исто така, поранливи и вообичаено се соочуваат со тешкотии во нивната реинтеграција. По визната либерализација во 2009 година, поради нивните неповолни економски услови и социјална маргинализација, илјадници Роми побараа азил во земјите членки на ЕУ. Најголемиот број луѓе кои ја напуштиле Македонија за да живеат во странство, главно во Германија, Франција, Белгија, Холандија и Шведска, биле Роми. Сепак, земјите членки на ЕУ одбиваат многу од барањата за азил поднесени од страна на Македонците, вклучувајќи ги и Ромите, а неуспешните кандидати се враќаат во Македонија.

Еден од најчестите случаи на дискриминација идентификувани од страна на ромските медијатори е пристапот до приватни услуги. Документирани се повеќе инциденти кога Роми биле спречени да влезат во ресторани, кафулиња, барови, дискотеки, базени или хотели со различни лажни изговори: на пример, им се вели дека се случува приватен настан или дека им е потребна резервација, дури и ако местото е празно. Во други прилики, другите гости седнуваат што е можно подалеку од нив, или се навредувани или од келнерите или од други клиенти. Келнерите често одбиваат да ги послужат, па дури и, во најекстремните случаи, директно ги информираат дека не примаат Роми.

На пример, медијаторите во една општина известија за случај на жена Ромка која отишла во аква парк со своите деца. Откако купиле билети, вработениот ги запрел на влезот и ги проверил нивните ранци, нешто што не било практика кај ниедно од другите семејства во паркот, пред да почне да им вика да ги вратат билетите и да си заминат. Овој инцидент јасно покажува колку етничкото профилирање и предрасудите ги обележуваат дури и најсекојдневните ситуации за Ромите: покрај тоа што ја истакнуваат дискриминацијата, што е забранета со закон, овие искуства имаат силно негативно влијание врз нивната самодоверба и нивната верба во општеството.

## Образование

Уставот на Македонија[15] и Законот за основно образование[16] го гарантираат правото на образование под еднакви услови. Меѓутоа, во пракса, ромските деца сè уште страдаат од социјална стигма, дискриминација и сегрегација[17] и се соочуваат со повеќе бариери во нивниот пристап до редовно и квалитетно образование и обука.[18] Уписот на ромските деца во предучилишни установи сè уште е многу мал: истражувањето на избрани ромски населби покажа дека само 14 проценти од ромските деца на возраст од 3 до 6 години добиваат предучилишно образование, во споредба со 29 проценти од не-ромското население што живее во нивна близина.[19] Исто така, кај ромските ученици има мало присуство на наставата и високи стапки на напуштање на училиштето. За ова постојат повеќе причини: емиграција на ромските семејства во земјите од Западна Европа, недостаток на лична документација, сегрегација дури и во најраните фази на образованието и недостаток на организиран или јавен транспорт до градинките од ромските населби, кои најчесто се далеку од образовните институции.[20] Од сите етнички групи во Македонија, нивото на неписменост е највисоко кај Ромите: сепак, има знаци на подобрување кај учениците Роми во запишувањето и завршувањето основно и средно училиште.[21]

Според извештаите на медијаторите, во некои прилики ромските деца мораат да ја посетуваат наставата во сегрегирани паралелки, или да бидат физички

одделени од нивните не-ромски врсници во училницата и да седат во задниот ред. Процентот на маргинализирани ромски деца кои посетуваат сегрегирани училишта е значаен, при што 40 проценти од маргинализираните ученици Роми на возраст од 7 до 15 години посетувале сегрегирани училишта во 2017 година. Вознемирувачки, овој феномен се чини дека е во пораст: во 2011 година, соодносот беше 25 проценти. Квалитетот на образованието во овие училишта е типично послаб, со ограничени ресурси и помалку квалификуван наставен кадар.[22] Според Законот за основно образование, во основните училишта се запишуваат учениците кои живеат во нивната околина, меѓутоа, ученици од други области или општини може да се запишат во основното училиште ако има слободни места, што во пракса честопати доведува до арбитрарност.[23] Една од главните причини за сегрегацијата во училиштата е тоа што родителите наоѓаат начини да го заобиколат системот за опфаќање според местото на живеење, за да обезбедат места во училиштата што ги претпочитаат - ситуација што придонесува за создавање основни училишта „само за Роми“. Народниот правобранител постојано го истакнува проблемот со сегрегацијата и непропорционалната застапеност на ромските деца во посебни училишта.[24]

Сиромаштијата е уште една пречка за образованието: многу родители Роми немаат доволно пари за да купат облека, обувки или училиштен материјал за своите деца. Бидејќи некои од најсиромашните ромски домаќинства немаат пристап до проточна вода, што ја отежнува хигиената, родители избираат да не ги испраќаат децата во училиште за да ги заштитат од малтретирање. Многу ромски семејства, исто така, заминуваат на сезонска работа со своите деца, кои во тој период не одат на училиште. Во некои традиционални семејства, девојките се охрабруваат да останат дома за да помагаат околу домаќинството и да се грижат за своите браќа и сестри, наместо да одат на училиште.[25] Некои деца, исто така, немаат потребна документација за да можат да одат на училиште или да добијат сертификат за завршување. На Ромите понекогаш не им е дозволено да се запишат или не се целосно запознаени со правата гарантирани со закон.

Покрај тоа, ромските деца и нивните родители често се подложени на дискриминација, заплашување, малтретирање или други форми на лошо постапување во училиште. Ромските медијатори известија за неколку случаи кога ромски деца биле подложени на предрасуди и непријателство од нивните врсници, па дури и од нивните наставници, вклучувајќи и нивно навредување или обележување поради дискриминаторски причини. Ромските медијатори пријавија случаи кога ромски деца биле принудени да седат во задниот дел од училницата и кога не го добивале истото внимание од наставниците како нивните не-ромски врсници. Во едно училиште, ромските ученици, за разлика од нивните не-ромски врсници, веднаш се казнуваат на понижувачки начин - ако не се однесуваат правилно, на пример, треба да стојат на една нога еден час.

За оние ромски деца чиј мајчин јазик не е македонскиот, уште потешко е да ги следат часовите и да се интегрираат во училиштето. Иако Законот за основно образование гарантира дека ромскиот јазик и култура може да се изучуваат како изборен предмет, во пракса оваа регулатива е во принцип игнорирана и често оваа опција не е достапна за ромските ученици. Исто така, постои недостиг од квалификуван ромски наставен кадар во основните и средните училишта, а, истовремено, оние наставници Роми кои се квалификувани и имаат високо образование не можат да најдат вработување во основните и средните училишта. Освен тоа, децата на ромските повратници се соочуваат со потешкотии во интегрирањето и признавањето на нивните сертификати од странските училишта во Македонија. Покрај тоа, има и финансиски импликации, најчесто во семејствата каде што има неколку деца, и родителите често не можат да си дозволат да ги плаќаат административните такси.[26] Покрај јазичната бариера, им недостасува психолошка, емоционална и социјална поддршка за справување со културниот шок од нивното враќање.

## Домување

Во Македонија постојат различни закони што го регулираат домувањето и што се особено важни за Ромите, како што е Законот за домување[27] и Законот за постапување со бесправно изградени објекти.[28]

Ромите се соочуваат со едни од најлошите услови за домување во земјата.[29] 28 проценти од Ромите живеат во сиромашни населби, во лошо изградените живеалишта кои често немаат формална регистрација.[30] Пренатрупаноста е исто така широко распространета: многу ромски семејства живеат во куќи со помалку од 5 квадратни метри по лице.[31] Оваа ситуација е влошена од несигурноста на ова уредување, при што околу 80.000 ромски домаќинства немаат долгорочни решенија за домување.[32] Често, отсуството на соодветна вода за пиење, електрична енергија, греење или санитарни услови, исто така, придонесува за широко распространетата лоша здравствена состојба.

Единиците на локалната самоуправа на локалната самоуправа играат важна улога, бидејќи се задолжени одблизу да го регулираат домувањето. Тие, исто така, се одговорни за развојот на инфраструктурата, урбанистичкото планирање и катастарските регистри, но многу Роми не се запознаени со комплексните институционални структури што ги обликуваат овие политики и, затоа, во голема мера зависат од добрата волја на носителите на одлуки. Додека во последниве неколку години, наводно се поднесени околу 2.000 апликации за регулирање нерегистрирани домови , исходот од овие постапки е во голема мера непознат, иако граѓанските

организации сметаат дека соодносот е сигурно релативно низок на национално ниво.[33] Во овој контекст, тешко е граѓаните, особено Ромите, да добијат јасна слика за прописите и како истите успешно да се запазат.

Освен тоа, граѓанските организации тврдат дека националната програма за социјални станови не успева да допре до оние области каде што на ромското население им се најпотребни овие мерки, и дека нема доволно социјални станови за сите оние што имаат потреба од нив. Дури и во регионите каде што обемот на достапни социјални станови е пропорционален на бројот на Ромите, тие често не се свесни за овие опции и за потребните процедури за аплицирање за истите. Исто така, сите локални власти немаат развиено детални урбанистички планови, што дополнително го попречува спроведувањето на програмата за социјални станови.[34]

### Влијанието на лошите животни услови врз здравјето и образованието на Ромите

Пред неколку години, откако поплавата во источна Македонија уништи ромска населба, жителите беа преместени на местото на поранешна болница. Овие згради беа во жалосна состојба и не беа соодветни за живеење. Без дури и најосновен мебел, како кревети, многу Роми беа принудени да спијат со своите деца на подот, покриени со ќебиња. Бидејќи нема контејнери, ѓубрето се акумулира во дворот и привлекува муви, а како резултат, се заразуваат голем број деца. Бидејќи повеќето од оние што живеат таму немаат никаков приход и не можат да платат за електрична енергија, често им ја исклучуваат. Децата не можат да посетуваат училиште и немаат соодветна облека или вода за да се измијат. Локалните власти ветија дека ќе најдат решение, но досега не се преземени чекори.

Ситуацијата е загрижувачка и во една од ромските населби што ги посети проектниот персонал на МРГ и АДРР „Сонце" со локалните ромски медијатори во април 2018 година. Повеќето од куќите немаат законска сопственост: од 30 или повеќе семејства кои започнале со процедурата за легализација, само пет успеале да ги легализираат своите домови, додека други сè уште чекаат поволна одлука за нивниот случај. Другите семејства немаат финансиски средства да ја започнат постапката за легализација. Поголемиот дел од куќите немаат ниту санитарии или вода за пиење. Иако локалните власти изградија цистерна пред околу една година, често во неа нема вода, па така жителите користат постара цистерна изградена пред околу 25 години. Сепак, квалитетот на водата не е добар и многу луѓе тврдат дека се разболуваат од неа. Кога цистерната е празна, оние семејства кои може да си дозволат, купуваат вода во шишиња, додека посиромашните семејства мора да одат до најблиската пумпа, оддалечена околу 200 метри, за да наполнат вода. Овој ограничен пристап - на пример, жителите треба да ја мијат облеката на рака и немаат можност да се истушираат - влијае врз Ромите и во другите области од нивниот живот. Ромските ученици може да се соочат со дискриминација и вознемирување од наставниците поради лошата лична хигиена.

## Здравствена заштита

Уставот на Република Македонија го гарантира правото на сите граѓани на здравствена заштита.[35] Законот за здравствена заштита а и[36] Законот за заштита на правата на пациентите[37] ја забрануваат дискриминација по било кој основа во здравствената заштита, но во пракса дискриминацијата на Ромите во здравствената заштита сè уште е распространета и во голема мера е непријавена. Негативните искуства низ кои минуваат многумина во обидот за пристап до здравствена заштита може да ги обесхрабрат од потпирањето врз овие услуги во иднина.

Според домашното законодавство, сите граѓани имаат право на здравствено осигурување[38] и покриеноста меѓу Ромите е најдобра во регионот[39] и е близу до универзалната. Покриени се 94 проценти од маргинализираните Роми (над 16 години), споредено со 97 проценти од не- Ромската популација што живее во нивна непосредна близина.[40] Главната причина за оние кои не се опфатени со здравственото осигурување е недостатокот на лична документација. Сепак, иако здравствената заштита за Ромите е споредлива со онаа за не-Ромите, услугите што ги добиваат Ромите обично се со понизок квалитет отколку услугите понудени на општата популација.[41] Исто така, Ромите имаат повисоки стапки на морбидитет и морталитет од општата популација.[42] Ова се рефлектира во значително понискиот просечен животен век кај Ромите (68 години) во споредба со просекот на националното население (73,5 години).[43]

Дискриминацијата од страна на медицинскиот персонал кон Ромите игра клучна улога во нивната одбивност да одат на лекар. Освен постојните културни бариери, здравствените работници честопати се однесуваат на непријателски начин со пациентите Роми или прават расистички коментари за нив. Ваквото однесување, базирано врз стигма и предрасуди, честопати ги одвраќа

Ромите да бараат медицинска помош - ситуација која придонесува за нивните лоши здравствени исходи. Една анкета, на пример, покажа дека скоро истиот процент на Роми страдаат од хронични незаразни болести како и не-Роми, но помал процент од нив примаат редовна терапија, а оние кои примаат, добиваат понеквалитетни здравствени услуги.[44] Слично на тоа, помал дел од ромските деца се вакцинираат во однос на децата од други етнички групи.[45] Решението за ова делумно зависи од подобар социјален ангажман на ромските заедници. Особено, ромските здравствени медијатори[46] играат клучна улога во информирањето на Ромите за нивните здравствени права, придонесувајќи за поширoко покривање на здравственото осигурување и вакцинацијата на децата.[47]

Ромките се особено ранливи бидејќи се соочуваат со физички и со финансиски бариери во нивниот пристап до примарната гинеколошка здравствена заштита. Тие често живеат во оддалечени населби без јавен превоз, или гинеколозите им наплаќаат дури и за услуги кои инаку би биле бесплатни. Многу Ромки не добиваат никаков вид здравствено образование и затоа не се свесни за нивните права. Медијаторите на МРГ во неколку наврати известуваат дека жените Ромки имаат потешкотии да закажат преглед кај нивниот матичен гинеколог. Кога ќе отидат да закажат преглед, им одговараат дека прегледот може да биде закажан за неколку недели, а биле сведоци на закажување преглед за не-ромските жени уште наредниот ден. Овие фактори придонесуваат за неподготвеноста на жените Ромки да го посетат својот гинеколог за превентивни прегледи, со што го ставаат своето здравје во опасност. Многу од нив не го посетуваат својот матичен гинеколог дури и за време на бременоста, а во некои случаи се пораѓаат и во својот дом, без било каков лекарски надзор.[48]

## Предрасуди и дискриминација во медицинските услуги - искуствата на Ромите во здравствениот систем

Во извештаите на медијаторите забележани се голем број прекршувања на правата на Ромите во нивните напори да добијат здравствена заштита. Раширената дискриминација не само што често резултира со тоа што Ромите добиваат несоодветен третман, туку и ги остава помалку подготвени да бараат медицински услуги во иднина, дури и ако нивните потреби се итни.

Во една општина, откако мало ромско девојче проголтало паричка, нејзината мајка веднаш го однела кај локалниот лекар, чиј првичен одговор бил незаинтересиран: децата често голтаат работи, рекол лекарот, а паричката е сигурно веќе во стомакот на девојчето, па таа ќе ја исфрли подоцна. Сепак, девојчето имало проблеми со дишењето, па затоа нејзината мајка инсистирала на снимање на рентген за да се види каде е паричката. Лекарот не сакал да го стори тоа, тврдејќи дека мајката само паничи. Во меѓувреме, мајката слушнала една од медицинските сестри која рекла: „Ова е типична циганска работа - мисли дека е попаметна од докторот“. По долго расправање, девојчето почнало да повраќа, а мајката конечно го убедила лекарот да направи рентген снимка. Врз основа на резултатите, лекарот сфатил дека паричката била во грлото на девојчето и итно била пренесена во главната болница во Скопје, каде што конечно била отстранета паричката.

Во друг случај, една жена Ромка била бремена 4,5 месеци кога на гинеколог ѝ било кажано за време на прегледот дека фетусот бил мртов и веројатно починал пред 6 недели. Лекарот ја испратил во една од болниците во Скопје. Во болницата не била прифатена за итно лекување, затоа што не можела да плати за тоа. Дури откако крвната слика покажала дека е во критична состојба, таа добила соодветна грижа. Таа потоа поминала седум дена во закрепнување во болницата од крвната инфекција што ја добила како резултат на спонтаниот абортус. Сите нејзини документи (лична карта, картичка за здравствено осигурување) биле одземени од страна на болницата, бидејќи не можела да плати 110 евра за нејзиниот третман, и ѝ било кажано дека нема да ѝ бидат вратени додека не плати. Жената сакала да знае зошто починал фетусот, но не добила никакви информации од болничкиот персонал.

Во друга пригода, ромските медијатори известуваат за случај кога еден ромски маж, ангажиран за сезонска работа, паднал од трактор и претрпел повреда на главата. Откако бил одведен во болница, еден од лекарите почнал да ја зашива главата, но кога неговата смена завршила, тој едноставно заминал додека пациентот сè уште бил со иглата во главата. Кога дошол новиот доктор, тој побарал од мажот да плати за лекувањето пред да почне да ја шие раната. Дури откако лекарот бил платен 100 евра, го завршил шиењето.

## Заклучок

Наодите документирани од нашите медијатори, поддржани со објавените податоци и извештаи од различни независни организации, укажуваат на тоа дека Ромите во Македонија, и покрај многуте законски прописи што експлицитно ја забрануваат дискриминацијата, продолжуваат во пракса да се соочуваат со предрасуди и стигма уште од рана возраст. Овие прашања често се меѓусебно поврзани. Сегрегацијата во училиштата и наставата со лош квалитет придонесуваат за високи стапки на напуштање на образованието. Ова, за возврат, им отежнува на младите Роми да најдат работа, што создава потпирање врз социјални бенефиции. Високите нивоа на невработеност и ограничените ресурси обврзуваат многумина да живеат во супстандардни услови за домување, а пак, недостигот од електрична енергија, безбедна вода за пиење и санитарни услови резултира со лоша здравствена состојба, што, заедно со дискриминацијата во пристапот до јавните услуги, во крајна линија доведува до помал животен век. Во моментов, и покрај определен напредок во некои области, Ромите и понатаму се соочуваат со доживотна дискриминација и во просек умираат порано отколку нивните не-ромски врсници.

Затоа, националната влада и локалните власти треба да преземат цврсти чекори за разбивање на постојните бариери и да обезбедат целосно спроведување на законските одредби за забрана на дискриминацијата. Народниот правобранител, ромските активисти и граѓанското општество играат клучна улога во привлекувањето на вниманието на властите кон несогласувањата меѓу законот и практиката. Владата мора да се консултира граѓански организации што работат со ромските заедници, ромските активисти и ромските медијатори - оние кои најмногу ги познаваат тешкотиите и повредите на правата со кои се соочуваат Ромите - за да развијат конкретни решенија за проблемите со кои се соочуваат. Освен во консултациите, националните и локалните носители на одлуки треба да ги вклучат претставниците на Ромите во процесите на донесување одлуки во сите области кои ги засегаат. Од најголема важност е да се врати довербата на Ромите во државните институции, за да можат конструктивно да придонесат кон какви било политики што влијаат врз нив. Социјалната правда и еднаквоста за сите може да се постигнат само со активно учество на Ромите во сите сфери на јавниот живот.

# Препораки

## Образование

- Да се развие државна политика за промовирање на предучилишното образование кај ромските деца и да се подигне свеста за неговата важност кај нивните родители.
- Да се спроведе стратегија за ефикасно справување со стапката на напуштање на средното образование, со проширување на казнените мерки, како казни за родителите, за активна мотивација на ромските деца да одат на училиште.
- Да се процени бројот на ромски деца во опфатот на секое училиште и да се обезбеди нивна еднаква распределба со не-ромските деца.
- Да се обезбеди целосна имплементација на можностите за учениците да го изучуваат ромскиот јазик и култура како изборен предмет, во согласност со одредбите на Законот за образование.
- Да се измени членот 156 од Законот за основно образование, за да се поедностави признавањето на сертификатите од странските училишта на децата повратници во странство. Покрај тоа, да им се понуди ослободување од плаќање надоместоци на оние семејства кои инаку не можат да си дозволат да ги платат административните такси за признавање на сертификатите од странските училишта.
- Да се воведе компонента за недискриминација и еднаков третман во програмите за обука на наставници, а совладувањето на истата да биде задолжително за наставниците да добијат сертификат за обука.
- Да се направи увид во наставните материјали и наставните програми за да се осигури дека не се вклучени негативни стереотипи. До колку е потребно, да се произведат нови материјали што промовираат еднаков третман на Ромите и другите малцинства.

## Домување

- Да се направи проценка на потребите и да се соберат податоци за состојбата со домувањето на ромската популација.
- Да се забрзаат процедурите за легализација на дивоградбите во кои живеат Роми, во согласност со Законот за постапување со бесправно изградени објекти.
- Да се проектираат детални урбанистички планови и да се обезбедат средства за подобрување на комуналната инфраструктура во ромските населби и општините.
- Да се идентификуваат најранливите ромски семејства и да се обезбедат социјални станови за нив.

## Здравствена заштита

- Да се соберат податоците во однос на здравствената заштита, за  да се идентификуваат главните пречки со кои се соочуваат Ромите во пристапот до здравствена заштита, за да го насочи креирањето на политиките.
- Да се подобри свеста за важноста на здравствената заштита и правата на Ромите на јавни услуги, преку ромски здравствени медијатори и други алтернативни пристапи, со посветување посебно внимание на потребите на неписмените Роми.
- Преку посебни мерки, да се осигури зголемување на бројот на Роми кои учат за да станат здравствени работници, за да се одрази процентот на Ромите во општеството како целина.
- Да се зголеми бројот на здравствени медијатори во општините каде што има висока застапеност на Ромите, со повеќе ресурси за поддршка на нивната работа.
- Да се обезбедат бесплатни здравствени услуги за Ромите без лична документација, кои инаку може да имаат само ограничен пристап до нив.
- Да се стимулираат гинеколозите преку грантови наменети за насочување на нивните здравствени услуги во ромските населби.
- Да се поддржи сензибилизацијата и подигнувањето на свеста кај здравствениот персонал во однос на антидискриминацијата, социјалните предрасуди и еднаквоста.

# Белешки

1 Совет на Европа, „Документ подготвен од Тимот за поддршка на специјалниот претставник на генералниот секретар на Советот на Европа за ромски прашања“, јули 2012 година.
2 Устав на Република Македонија, усвоен од Собранието на Република Македонија на 17 ноември 1991 година, изменет и дополнет со Охридскиот рамковен договор од 16 ноември 2001 година.
3 Влада на Македонија, Стратегија за Ромите во Република Македонија, декември 2004 година.
4 Влада на Македонија, Стратегија за Ромите во Република Македонија (2014-2020), јуни 2014 година..
5 Европска комисија, *Поранешна Југословенска Република Македонија: Извештај 2018, Стразбур,* април 2018 година, стр.33.
6 Во јуни 2017 година, МГПМ и АДРР „Сонце“ ја формираа Мрежата за застапување на Ромите со учество на ромски и нeромски невладини организации, како и канцеларијата на Народниот правобранител и други експерти за антидискриминација.
7 Член 9, Устав на Република Македонија: „Граѓаните на Република Македонија се еднакви во слободите и правата, без разлика на полот, расата, бојата на кожа, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба. Граѓаните пред Уставот и законите се еднакви.“
8 Член 4.1, Рамковен договор, склучен во Охрид, Македонија, потпишан на 13 август 2001 година во Скопје, Македонија: „Целосно ќе се почитува принципот на недискриминација и рамноправен третман на сите лица пред законот“.
9 Закон за спречување и заштита од дискриминација, Службен. весник бр. 50/10.
10 Наскоро ќе биде усвоен подобрен Предлог-закон за превенција и заштита од дискриминација, што беше позитивно оценет од страна на Европската комисија за демократија преку правото (Венецијанска комисија) во март 2018 година.
11 Член 24.1, Закон за спречување и заштита од дискриминација.
12 Член 2, Указ за прогласување на Законот за народен правобранител, бр. 07-4502/1, 10 септември 2003 година: „Народниот правобранител [...] ги штити уставните и законските права на граѓаните и на сите други лица кога им се повредени со акти, дејствија и пропуштања на дејствија од органите на државната управа и од други органи и организации што имаат јавни овластувања и кој презема дејствија и мерки за заштита на начелото на недискриминација и соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците во органите на државната власт, органите на единиците на локалната самоуправа и јавните установи и служби“.
13 Кандидатите не се должни да го откријат своето етничко потекло.
14 Народен правобранител на Република Македонија, Годишен извештај, 2017, стр. 152-154.
15 Член 44, Устав на Република Македонија: „Секој има право на образование. Образованието е достапно за секого под еднакви услови. Основното образование е задолжително и бесплатно“.
16 Закон за основно образование, Службен весник бр. 103/08, 2008.
17 Европска комисија, април 2018, стр.31.
18 *Ибид.*, стр.78.
19 УНДП и Светска банка, *Ромите на прв поглед - Поранешна Југословенска Република Македонија,* април 2018 година.
20 ЦЕА и Ромалитико, *Извештај во сенка - Имплементација на Стратегијата за Ромите во Република Македонија во 2016 и 2017 година, март 2018 година*, стр.62.
21 УНДП и Светска банка, *цитирано дело.*
22 *Ибид.*
23 Член 46, Закон за основно образование, Службен весник бр. 103/08, 2008. Видете и ИХР и ЕРРЦ, *Сегрегација на деца Роми во основните училишта во Република Македонија,* октомври 2016, стр. 8-9.
24 Видете, на пример, Извештај на Народниот правобранител, „Информации за состојбата со уписот на Ромите во прво одделение и нивната застапеност во паралелките заедно со децата од другите етнички групи 2014/15“, октомври 2015 година.
25 ОСФ, РЕФ и УНИЦЕФ, *Инклузија на Ромите од рано детство,* 2012 година, стр.41.
26 ЦЕА и Романтико, *цитирано дело,* стр.64. Видете, исто така, ИХР и ЕРРЦ, „Прашањата со кои се соочуваат учениците Роми за време на нивната реинтеграција во образовниот систем, по враќањето од западноевропските земји“, декември 2017 година.
27 Закон за домување бр. 99/09, 05.08.2009 година.
28 Закон за постапување со бесправно изградени објекти бр. 23, 24.2.2011 година.
29 Влада на Република Македонија, *Национална стратегија за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост во Република Македонија 2010-2020,* март 2010 година, стр.66.
30 УНИЦЕФ, *Инклузија на сите Роми во системот на здравствено осигурување,* 2016 година, стр.2.
31 Совет на Европа, Тематски извештај од експертите на тематската група ЦАХРОМ за социјални станови за Ромите, ЦАХРОМ (2012) 8, Стразбур, 28 ноември 2012 година.
32 *Ибид.*
33 ЦЕА и Ромалитико, *цитирано дело,* стр.62.
34 *Ибид.*, стр. 62-63.
35 Член 39, Устав на Република Македонија: „На секој граѓанин му се гарантира правото на здравствена заштита. Граѓанинот има право и должност да го чува и унапредува сопственото здравје и здравјето на другите“.
36 Член 9, Закон за здравствена заштита, Службен весник бр. 43/2012, 145/2012, 87/2013, 164/2013.
37 Закон за заштита на правата на пациентите, Службен весник бр. 82/2008, 12/2009 и 53/2011.
38 Закон за здравствено осигурување, Службен весник бр. 25/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98 / 2008, 6/2009, 67/2009, 50/2010, 156/2010, 53/2011, 26/2012, 16/2013, 91/2013 и 187/2013).
39 Европска комисија, април 2018, цитирано дело, стр.33.
40 УНДП и Светска банка, *цитирано дело.*
41 ЕЦЕ, ОСФ и ФОСМ, Сите сме луѓе: Здравствена заштита за сите луѓе, без оглед на нивната етничка припадност, 2014, стр.9.
42 УНИЦЕФ, *Инклузија на сите Роми во системот на здравствено осигурување,* 2016 година, стр.2.
43 ОСФ, РЕФ и УНИЦЕФ, *цитирано дело,* стр.24.
44 ЕЦЕ, ОСФ и ФОСМ, *цитирано дело,* стр.37.
45 *Ибид.*, стр.38.
46 Програмата за ромски здравствени медијатори се реализира во Македонија од 2011 година, финансирана од Министерството за здравство, Фондацијата отворено општество Македонија и Здружението за здравствена заштита, образование и истражување (ХЕРА). Во рамките на проектот, 16 обучени и акредитирани медијатори почнаа да работат во осум општини каде што е највисока густината на ромските популации. Видете ја Европската мрежа за социјална политика, Ромски здравствени медијатори во Македонија: успешен модел под закана?, ЕСПН Извештај 37/2017, јуни 2017 година.
47 ЦЕА и Ромалитико, *цитирано дело,* стр.64.
48 ЕЦЕ, ОСФ и ФОСМ, *цитирано дело,* стр.10.

**Ромите во Република Македонија:**
**Предизвици и нееднаквости во домувањето, образованието и здравствената заштита**
**Андреа Спиталски**

Ромското население во Република Македонија и понатаму е најранливото малцинство во земјата, заедница која се соочува институционална маргинализација и со социјални предрасуди. Овој брифинг, црпејќи од исказите од прва рака собрани од медијаторите Роми кои работат со нивните заедници, дава круцијален увид во нивните секојдневни животи и тешкотиите со кои тие и понатаму се соочуваат.

И покрај официјалното признавање, Ромите и понатаму се исклучени од главните текови на општеството и се соочуваат со дискриминација во скоро сите аспекти на нивниот живот, почнувајќи во училиште и понатаму како возрасни, со тоа што мнозинството Роми не можат да добијат формално вработување. Како резултат, многу Роми живеат со супстандарди услови, често се борат со пренатрупаност и без пристап до основните услуги.

Ромите во Република Македонија: Предизвици и нееднаквости во домувањето, образованието и здравјето ги наведува низата предизвици со кои Ромите во земјата и понатаму се соочуваат и вклучува низа препораки за тоа како нивната состојба може да се подобри. Тука се вклучува поинклузивен пристап кон обезбедувањето на услугите, поголема свест за конкретните пречки со кои заедницата се соочува и нагласување на таргетирани стратегии за надминување на овие диспаритети.

**© Меѓународна група за малцински права, ноември 2018**

**Меѓународната група за малцински права (МРГ) е невладина организација (НВО)** која работи на обезбедување на правата на етничките, верските и јазичните малцинства и домородните луѓе ширум светот, како и промоција на соработката и разбирањето помеѓу заедниците. МРГ има консултативен статус со Економскиот и социјалниот совет на Обединетите нации (ECOSOC), како и статус на набљудувач во Африканската комисија за човекови права и правата на народите. МРГ е регистрирана како хуманитарна организација бр. 282305и друштво со ограничена одговорност со гаранција во ОК бр. 1544957.

Овој брифинг е објавен како придонес кон јавното разбирање.

Текстот не секогаш го претставува, во сите детали и сите свои аспекти, колективното гледиште на МРГ или нејзините партнери.  Примероци од оваа студија се достапни на интернет на www.minorityrights.org.

**Меѓународна група за малцински права** 54 Commercial Street, London E1 6LT, United Kingdom
**Тел** +44 (0)20 7422 4200 **Факс** +44 (0)20 7422 4201 **електронска пошта** minority.rights@mrgmail.org
**Website** www.minorityrights.org www.twitter.com/minorityrights www.facebook.com/minorityrights

**ISBN** 978-1-912938-05-6